Архивски број: 08-274/1
03.03.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-740/1 од 20.10.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење на --- во ---, за дискриминација сторена од страна на ---, со седиште на --- во ---, врз основа на личен или општествен статус во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон подносителката --- од --- сторена врз основа на личен или општествен статус во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, од страна на ---.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата"**) беше поднесена претставка бр. 08-740/1 од 20.10.2025 година, од страна на --- од ---, за дискриминација извршена од страна на --- (понатаму во тектот: **"**---**"**), а врз основа на личен или општествен статус во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

Подносителката во претставката наведе дека во работните простории и била врачена одлука --- од --- година за нејзино разрешување како член на --- и исклучување од ---, истата била донесена од --- на --- и потпишана од --- на истиот, г-дин ---. Подносителката наведува дека согласно Статутот на ---, --- била орган кој ги штити правата на вработените, а истовремено го корегира и работењето на органите и телата на ---. Наведува дека со иста одлука сите членови на --- биле разрешени и исклучени од членство во --- поради што кај подносителката се јавува впечаток дека --- на ваков начин го прикрива незаконското и нефункционално работење. Смета дека е дискриминирана затоа што одлуката била донесена врз основа на субјективна и нефер проценка на нејзината активност како --- на --- и член на ---. Посочува дека одлуката и била доставена без претходна најава, без соодветно образложение и без можност за жалба што го смета за сериозно кршење на нејзините права. Со ова нејзината чест, углед и достоинство смета дека се сериозно нарушени, почувствувала понижување и нарушување на нејзината професионална и лична репутација што ја зголемувала тежината и неправдата кон неа.

На 31.10.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-740/2 до подносителката заради доуредување на

претставката во насока на прецизирање на дискриминаторскиот основ, по што на 07.11.2025 година подносителката го достави истото заведено под број 08-740/3, па приложи – пополнет формулар претставка, - одлука бр. --- од --- година, - статут на --- и – дополна на статут бр. --- од --- година.

Со оглед на ова, на 21.11.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со барање бр. 08-740/4 се обрати до ---, заради прибавување на произнесување по наводи во претставка.

По ова на 10.12.2025 година во Комисијата е пристигнато произнесување од --- по поднесена претставка, преку полномошник адвокат --- од ---, заведено во Комисијата под број 08-740/5 ,.

Потенцијалниот дискриминатор во произнесувањето наведува дека ја смета претставката во целост неоснована па се наведува дека подносителката и други две лица – --- и ---, сите членови на ---, биле именувани за членови на --- на ---. --- бил именуван за претседател, а --- и --- за членови на ---. На 08.07.2025 година --- на --- донела одлука за поништување на одлука за --- на --- поради што сите правни акти на --- кои произлегувале и биле последица на Одлуката за --- ги огласиле за неважечки и одлуката ја доставиле до – кабинет на ---, - кабинет на ---, - кабинет на ---, - директорат за ---, - директорат за ---, - директорат за ---, - --- и – до ---. Според наводите во произнесувањето, со ваквото донесување на одлуката --- сторила низа повреди на Статутот на --- по што на 26.08.2025 година на состанок на ---, под точка 2 на дневен ред на разгледување била ставена донесената одлука на --- од 08.07.2025 година. За закажаниот состанок биле уредно поканети сите членови на ---, меѓу кои и подносителката на претставката, која по прием на поканата го известила --- дека не била во можност да присуствува на состанокот од лични причини. При разгледување на оваа точка на дневниот ред, бил ставен предлог за разрешување на членовите на --- поради грубо прекршување на статутот на---. Предлогот бил усвоен по што членовите биле разрешени. По разрешувањето, бил ставен предлог за нивно исклучување од членството во --- кој бил ставен на гласање и изгласан со --- гласа “за”, --- воздржани и ниту еден против. Ваквото одлучување на --- било врз основа на член ---, став ---, точка --- од Статут на --- од --- година и член --- од измени и дополнувања на Статут на --- од --- година. Одлуката била доставена до сите членови на ---. Се наведува дека --- извршила груба повреда на одредбите на --- од причина што своеволно и без надлежност наведена во Статут, поништиле одлука за ---, огласиле за неважечки – акти кои произлегле од одлука за --- и спротивно на Статут, одлуката за --- ја доставиле до трети лица.

Во произнесувањето се наведува дека членовите на --- имале ограничени надлежности определени со член --- од Статут на --- кои се однесувале исклучиво на толкување и предлагање дополнувања на статутот, грижа околу спроведување на статутарни и програмски определби и решавање по жалби и претставки на членови на --- по однос на нивни статутарни права, и сето наведено се посочува дека --- можела да го прави исклучиво во координација со ---. Во конкретниот случај --- составена од --- членови се ставила над надлежностите на --- во кое членувале 23 членови, меѓу кои и самиот претседател на ---, што според потенцијалниот дискриминатор било

спротивно на член --- од Статутот во кој јасно било уредено дека --- го именува --- што значело дека одлука за --- или поништување на претходно донесена одлука можело да донесе само претседателството, а не --- која со одлуката која ја донела нанела непоправлива штета особено со изнесување на интерните акти на --- надвор од делокруг на работа на истиот, а кон лица и институции со кои тој преговара за унапредување на работничките права. Ова според наведеното, значело нарушување на авторитетот и севкупното работење на ---. Следствено потенцијалниот дискриминатор потенцира дека, како резултат на тоа што разрешувањето на членовите на --- и нивното исклучување од синдикатот произлегува од нивното работење спротивно на статутот, истото имало легитимна цел и наоѓало основа во статутот и низа позитивни законски прописи. По ова се наведени и цитирани одредбите од Статутот на ---, и тоа член ---, член ---, член --- и член --- па се појаснува дека во конкретниот случај исклучувањето од членство на членовите на --- не било направено согласно член ---, ставови --- и ---, туку во согласност со член --- и тоа директно од страна на --- како највисок орган кое во секој случај би одлучувало за исклучувањето и во случај кога таква постапка би била поведена од ---. Конкретно се наведува дека --- нема директен увид и не одговара за работењето на членовите на --- кога тие се членови на определен орган во состав на --- – во конкретниот случај ---, па во овој случај единствена надлежност за утврдување на нивна одговорност и исклучување од членство имало --- . Одлуката на --- била конечна и против истата не била предвидена жалба.
Понатаму се посочува дека со увид во член --- од Статутот на --- се утврдувало дека --- имало најшироки ингеренции и овластувања во однос на редовното работење на синдикатот. Се цитира одредбата од член --- од Статутот, основната и изменетата од --- година, понатаму се дава осврт на член --- од Статутот, како и на член --- од истиот па се посочува дека според цитираните одредби можело да се заклучи дека --- може да ја именува конгресот или претседателството, а за својата работа одговарала пред претседателството па следствено тоа имало полноважно право да ги исклучи членовите на --- и од членство во ---. Подолу, аналогно се наведуваат и одредби од Законот за работните односи, и тоа член ---, член ---, член ---, член --- и член--- од истиот па се посочува дека членувањето во --- не претставува само право туку и обврска, должност на членот да се придржува кон одредбите кои биле пропишани во правилата за организирање на ---, како и на основните постулати врз кои --- ја темели својата работа како независно тело, активно да се учествува во унапредување на работењето на ---, а не со работата на членовите да се врши злоупотреба на позицијата во --- и да се врши повреда и кршење на основните правила за работа на --- кои произлегувале од статутот.
Крајно, потенцијалниот дискриминатор во одговорот наведува дека подносителката декларативно навела во претставката дека бил повреден нејзиниот личен и општествен статуст, повикувајќи се тука на дискриминаторскиот основ, без при тоа да наведе кој личен или општествен статус и бил повреден со одлуката за нејзино разрешување од член на --- на --- како и од самиот ---.

Заради правилно утврдување на фактичката состојба и донесување на соодветна одлука поткрепена со соодветни докази, во службените простории на

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на --- година беше одржан службен разговор во врска со предметот на претставката поднесена од --- од --- , на кој беа присутни претставници на ---, и тоа - ---, претседател на ---,- ---, --- и - ---, претседател на --- при ---. Имено, претставниците на --- наведоа дека во рамките на --- формирана е нова ---, односно избрани се нови членови на истата, а дека претходниот состав на оваа --- со конкретното постапување излегол надвор од надлежностите кои биле јасно утврдени со Статутот на ---. Посочен беше член --- од Статутот со кој е уредена надлежноста, спротивно на член --- од измените на Статутот на кој се повикувал претходниот состав на --- во насока на одбрана на преземените дејствија, односно донесената Одлука за поништување на одлуката за ---. Беше наведено дека со начинот на постапување на претходниот состав на ---, односно со доставување на погоренаведената одлука до – ---, нанесена е штета по работењето на --- дополнително што ваквата одлука понатаму била споделена и со останати вработени во --- и ---, а кои се или би можеле потенцијално да бидат ---. Во претставката според претставниците, биле изнесени паушални наводи од причина што постапувањето на --- било самоиницијативно без да биде остварена било каква консултација со ---. Се наведе дека сегашниот --- и сегашниот претседател на --- биле членови на --- од --- година, уживале чест и углед и како вработени и како членови на --- во ---, а со постапката на претходната ---, особено на --- му била повредена честа и угледот, а како особено симптоматично е наведен фактот дека одлуката за поништување на одлуката за --- му била доставена на --- лично, и покрај тоа што се однесувала на него, па следствено тој не бил во можност лично да се запознае со содржината или да изрази незадоволство против истата, од што според него се утврдува постоење на тенденциозност во постапувањето на подносителката на претставката и останатите --- на претходната ---. Крајно, беше наведено дека од страна на --- друга постапка пред друг орган или институција не е поведена против членовите од претходниот состав на --- од причина што сметале дека постоечката санкција, односно разрешување на членовите и нивно исклучување од --- била доволна. Сметаат дека не е извршена дискриминација од причина што сите --- членови на --- биле третирани еднакво, односно еднообразно согласно закон.

Врз основа на наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и материјалните докази прибавени во текот на постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба: подносителката на претставката --- од --- била член на --- при ---, заедно со уште --- други членови- --- кој бил --- и ---. Именуваните во својство на членови на --- на --- година, донеле одлука за поништување на одлука за --- и истата ја доставиле до – ---. Воедно со ваквата одлука утврдено било дека сите правни акти на --- кои биле произлезени и биле последица од изборот на --- на кој се однесувала одлуката за --- – биле огласени за

неважечки и без правно дејство. Поради ова, на --- година била закажана седница на --- на која биле повикани членовите на ---, но на истата не присуствувале. На одржаната седница видно од записник бр. --- од --- година, под точка --- на дневен ред на седницата било ставено разгледувањето на донесената одлука од страна на --- од --- година, по која точка се развила дискусија за да крајно со --- гласа "за", --- "воздржани" и ниту еден против биде донесена одлука за разрешување на ---, а воедно со ист број гласови била донесена одлука за исклучување од членство на именуваните членови на ---. Ваквата одлука била донесена поради грубо кршење на одредбите на статутот на --- и поради одлучување на --- без било какви претходни консултации со ---. На подносителката одлуката за --- од членство и била доставена на работното место и против истата именуваната немала право на жалба.

Имено, врз основа на сето погоре наведено, како и увид во статутарни одредби и одредби од законски решенија кои се на сила, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е сторена директна дискриминација кон подносителката на претставката --- од --- од страна на ---, врз основа на личен или општествен статус во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, а во смисла на член 8, став 1 од во кој е уредено дека "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*" Конкретно, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не навлагаше во законитоста на постапувањето на членовите на --- при донесување на одлука за поништување на одлука за --- со оглед да истото е надвор од нејзините законски надлежности, па со оглед на ова своето постапување го насочи кон утврдување на тоа дали со постапувањето и одлучувањето на членовите на --- е сторен акт на дискриминација кон подносителката. Во оваа смисла Комисијата зема предвид дека --- донел одлука за разрешување на --- на --- и исклучување на --- членовите меѓу кои била и --- од ---. Со ова подносителката не била ставена во понеповолна положба споредено со останатите --- членови на комисијата, односно уште поконкретно кон именуваната не бил применет различен третман единствено поради наведениот дискриминаторски основ – личен или општествен статус, во споредба со другите две лица кои се наоѓале во иста фактичка и правна ситуација. Од друга страна пак, наводите во претставката кои се однесуваат на повреда на нејзиниот професионален углед и чест, Комисијата не може да ги земе за правно релевантни во конкретната постапка од причина што во случај на нивна повреда законодавецот предвидува сосема друга постапка нормирана, односно уредена со друг закон која се води пред друг надлежен орган. Дополнително, доколку подносителката се сомнева на несовенсо и неправилно работење на членови и претставници на ---, утврдувањето на истите треба да го бара во соодветна судска постапка уредена со закон.

Како резултат на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
03.03.2026 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- Архива на КСЗД